**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-2737/**

# З А П И С Н И К

**Од 184.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 21.04.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Косана Мазнева Николиќ и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Виолета Димеска-раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ и Лозенка Мицевска-Одделение за правни работи во МРТ |

***184.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 183.седница на Програмски совет на МРТ.
2. Разгледување на Информација по Заклучок со бр.02-2139/6 од 31.03.2022 година.
3. Разгледување на извештаи за програмски и административен надзор врз МРТ1, МРТ 2, МРТ 3, МРТ 4 и МРТ 5 од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
4. Разгледување на Годишен извештај за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици во 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
5. Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година, со дополнување на средства.
6. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 183.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 183.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Снежана Клинчарова имаше одредени забелешки по записникот од 183.седница на Програмскиот совет на МРТ.
По расправата беше констатирано записникот од 183.седница на Програмскиот совет на МРТ да се префлри на усвојување за наредна седница на Програмскиот совет.

ТОЧКА2:**Разгледување на Информација по Заклучок со бр.02-2139/6 од 31.03.2022 година.**
Лозенка Мицевска од одделение за правни работи во МРТ во врска со барањето за доставување на Информација по однос на имотно-правната состојба на МРТ за делот кој се најде во забелешките од БДО, извести за следното:
На ден 27.11.2012 година ЈРП МРТ склучи Договор за јавна набавка на услуги број 02-5906/1 со Адвокатското друштво Чичевалиев и Илијовски Скопје согласно кој:
1.Изработена е детална правна анализа за статусот на објектите и земјиштето на ЈП Македонска радиотелевизија
2.Изработени се предлог напатствија и насоки за постапување заради решавање на имотно-правниот статус како на земјиштето и објектите на ЈРП Македонска радиотелевизија
3.Се преземаат правни и технички дејствија со цел ЈП Македонска радиотелевизија во иднина да може да располага со објектите и земјиштето на кое се наоѓаат.
Во контекст на претходно наведеното, согласно последниот доставен Извештај од страна на ангажираното овластено адвокатско друштво од ден 28.10.2021 година во прилог е краток преглед на состојбата и статусот на постапките за решавање на имотно-правните односи на објектите и земјиштето за кои ЈРП МРТ презема правни и технички дејствија со цел во иднина да може да располага во целост со истите и тоа за следиве објекти и земјиште:

**КП 6802, КО ШТИП 5, број на предмет во Министерство за транспорт и врски 6934:**
**КП 11144 КО Охрид 2, број на предмет во Министерство за транспорт и врски 6938:**
**КП 3263/1 КО Коњско, број на предмет во Министерство за транспорт и врски 6939:**
**КП 12231 КО Кочани, број на предмет во Министерство за транспорт и врски 3940:**
**КП 7075 КО Битола, број на предмет во Министерство за транспорт и врски 3936:**
**КП 6932 КО Центар 1, број на предмет во Министерство за траспорт и врски 6932:**
**КП 230 КО Никифорово-Гостивар, број на предмет во Министерство за транспорт и врски 6935:**
По однос на горенаведените предмети, Адвокатското друштво Чичевалиев и Илијовски Скопје исто така известуваат дека во неколку наврати е одржан состанок со Претседателот на комисијата за спроведување на постапка за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и со службеник при Министерството за транспорт и врски од кои се известени дека Комисијата е распуштена и се чека на нејзино повторно формирање.
Исто така Адвокатското друштво известува дека во однос на горенаведените предмети, до Министерството за транспорт и врски се доставени Ургенции, со цел да се добие информација до каде е постапката за утврдување на правниот статус на објектите, но од нивна страна немаат добиено никаков повратен одговор.

ТОЧКА3:**Разгледување на извештаи за програмски и административен надзор врз МРТ1, МРТ 2, МРТ 3, МРТ 4 и МРТ 5 од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**
Членот Ристе Панов пред присутните членови достави на разгледување извештаи за програмски и административен надзор врз МРТ1, МРТ 2, МРТ 3, МРТ 4 и МРТ 5 од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Ристе Панов објасни дека согласно извештајот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги може да се увиди дека не се констатирани прекршувања.

ТОЧКА 4:**Разгледување на Годишен извештај за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици во 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**
Членот Ристе Панов пред присутните членови достави на разгледување на Годишен извештај за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици во 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
Ристе Панов посочи дека испитувањето се вршело врз 9600 испитаници во целата 2021 година .
Македонското радио е на третата позиција 3,8% слушаност.
Претседателката на советот со забелешка дали ова испитување не е направено врз репрезентативен примерок.

ТОЧКА 5:**Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година, со дополнување на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално образложение по материјалот на Планот за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година.
Виолета Димевска објасни дека во рамки на редовното работење на Секторот за Логистика на Македонската радио телевизија во тековната 2022 година се јави потреба од изменување на еден наслов на планирана точка во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година. Имено, согласно поднесеното Барањето за измена на наслов на планирана точка со архивски број 17-2674/1 од 19.04.2022 година од страна на Раководителот на Секторот за Логистика на Македонската радио телевизија, а во насока на непречено спроведување на тендерска постапка за јавна набавка – Набавка на изработка на проекти, скици и елаборати за заштеда и производство на електрична енергија, измената која се врши во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година е следната:
-Во Дел II - Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, насловот на ставката со реден број 25б – Изработка на геодетски елаборати се менува и истата сега има нов наслов и тоа Изработка на проекти, скици и елаборати.
Планираниот/проценетиот износ за јавна набавка кај оваа ставка не се менува.
Со оваа измена не се менуваат ниту останатите планирани/проценети вредности ниту вкупната планирана/проценета вредност на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година, односно како и досега, вкупниот планиран/проценет износ на планот е 84.654.000 денари без ДДВ.
Исто така беше посочено дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година и даде согласност на истиот.
По расправата Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година беше ставен на гласање.

■**Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година е **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 6:Разно.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац извести пред присутните членови дека на ден 18.04.2022 година пред Комисијата за транспорт и врски и на 19.04.2022 во Собранието на РМ имала свое излагање по однос на точката за одобрување на Финансискиот план за ЈРП МРТ за 2022 година.
Во контекст на тоа приложен беше и говорот пред пратениците во Собранието на СРМ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани присутни,
-Македонската радиотелевизија постои уште од далечната 1944 година.
ЈРП МРТ врши дејност од јавен интерес која опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и програмски сервиси како и исполнување на бројни програмските обврски, стандарди и начела предвидени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
Основна задача на МРТ е да информира, едуцира и забавува. Основните вредности и начела на МРТ се да биде универзален, независен, квалитетен јавен сервис кој нуди програмска разновидност наменета за разновидните групи и поединци во државата.
МРТ е меѓу ретките јавни радиодифузни сервиси на Балканот и пошироко кои емитуваат програма на девет јазици и тоа: македонски, албански, турски, српски, бошњачки, влашки, грчки, бугарски и ромски.
Јас сум д-р Смилка Јанеска Саркањац, член на ПС од декември 2014, а претседател од 2017 г. Во текот на овие години забележав работи кои мислам дека се важни, а за коишто сакам денес да кажам неколку зборови.
МРТ во претходните 4 години беше дел од еден проект на ЕУ за јавните медиумски сервиси на Западен Балкан, наменет за зајакнување на капацитетите на менаџментот, уредништвото и на надзорните тела. Имавме десетина работни средби со највисоките претставници од јавните медиумски сервиси на Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Косово, и овие средби беа организирани од врвни експерти од Европската радиодифузна унија, и говорници или домаќини беа врвни претставници од BBC, RAI, ORF, ARD, ZDF итн.
Овие конференции ни пружија изворни информации и за соседните и за најдобрите европски радиодифузни сервиси и ни обезбедија една исклучително вредна перспектива за развојот и унапредувањето на работата на МРТ.
Со помош на експертите ангажирани на проектот, а како обврска зададена со измените на Законот за АВМУ, изработивме и во март 2021 г. усвоивме 5-годишна стратегија на развој на МРТ.
Формулиравме визија и мисија, и составивме акциски план.
Па, така, во 2021 беше планирано да се спроведе:

- Дигитализација на Македонското радио
- Реновирање на просторот во објектот на Македонското радио
- Набавка на нови камери и студиски системи
- Воспоставување на систем за анкетирање на публиката
- Надградување на веб сајтот на МРТ од содржински и од мултимедијален аспект
- Пласман на програмите на платформи на интернет, мобилни апликации и на социјалните мрежи
- Назначување на омбудсман
- Вработување на нови кадри
- Обуки на кадри итн.

Морам да нагласам од овој акциски план за 2021 не е спроведена **ниту една точка**.
Главната причина е недостиг на финансиски средства.

И кога ја пишувавме стратегијата претпоставувавме дека нема да оди сè според акцискиот план, но сакавме да скицираме како сакаме, како треба да изгледа МРТ, како вистински информативен сервис на граѓаните – непристрасен, објективен, транспарентен, со високи професионални стандарди, но што е уште поважно, МЕСТО каде ќе се чува, негува и унапредува културата на нашата земја, институција која ја афирмира и ја негува традицијата, јазикот, идентитетот, музиката, духовното и културното наследство, вредностите на македонскиот народ и на немнозинските заедници во Македонија.
Сметам дека ова е најголемиот приоритет на МРТ како национален медиумски сервис.
Кои се други важни теми кои ги лоциравме и предвидовме во 5-годишната стратегија?
Ќе набројам мал дел од нив.
**Да отвориме четврт столб на МРТ** –
денес постојат радио и телевизија, на хартија постои и музичка продукција, ние предвидовме четврт столб да биде **интернетот**. На пример, ОРФ, јавниот медиумски сервис во Австрија има пазарен удел од околу 80% со својата веб страница. Ние имаме застарена, неажурна непривлечна **веб страница со** занемарлив број посетители, во третата декада на 21 век, кога сите се информираат прво преку интернет.
**-Музичка продукција** – СИТЕ јавни медиумски сервиси на Балканот и најголем дел од другите јавни медиумски сервиси имаат свои оркестри кои одржуваат фестивали, концерти, творат и изведуваат нова музика или ја спасуваат старата од заборав. Македонија, надалеку позната по својата музика го нема тоа. Затоа овој празен простор го пополнуваат соседните држави и прават нови продукции на наши народни или авторски песни и ги претставуваат како свои.
**-Дигитализација на архивите на МРТ** – само околу 10% од архивскиот материјал на МРТ е дигитализиран и зачуван за идните генерации. Архивите ја содржат историјата на државата, идентитетот на државата. Архивите се сведок за континуитетот на државата. Архивите ги паметат сите што твореле и создавале во Македонија и треба да бидат дигитализирани и сочувани.
-Исто така, многу од емисиите, како на пример детските што се емитуваат на новиот канал за детска програма, кои се со одличен квалитет како аудио-визуелни дела, се со толку лош технички квалитет што им е неопходно потребно **ре-мастерирање**.
**-Повторно активирање на Канал 103**, младинско урбано алтернативно радио кое постои од 1991 г., а последните 3 години талка низ бирократските лавиринти и не се емитува на радиобрановите. На јавните медиумски сервиси во развиените држави им е највисок приоритет да ја привлечат младата публика, ние имаме етаблиран медиум кој поради негрижа го затвораме.
-МРТ да стане место каде што ќе **творат многу млади креативци во Македонија**. Студијата и техниката да им се дадат на млади луѓе кои без хонорар или со мал хонорар ќе продуцираат емисии, документарци, филмови, музика. Во просториите на МРТ треба да врие како во кошница со пчели.
**-Мерење на гледаноста/слушаноста/посетеност**а. Амбицијата на МРТ не е да стане најгледаната телевизија – за таа титула се натпреваруваат приватните радија и телевизии со теле-новели, реалити шоуа итн., - туку да стане медиум од **најголема доверба, најквалитетна и најрелевантн**а. Ја спомнав Австрија.
Граѓаните на Австрија во големо мнозинство најмногу му веруваат на својот јавен медиумски сервис и тоа **го покажуваат и анкетите** и пазарниот удел од 80%. Пазарниот удел, гледаноста, слушаноста и читаноста на развиените ЈМС со корона пандемијата значително порасна. Граѓаните на Австрија и на другите држави во тешки времиња, во времиња на криза бараат информации од медиумите кои најмногу им веруваат – од нивните ЈМС.
Да се постигне која било цел денес треба да се мери напредокот кон целта, на поединечните програми и емисии.
Воведување квалитетни **онлајн платформи, веб сајтови, оркестри, високо-квалификувани вработени, висококвалитетна продукција на програма чини**, но културата, исто како и демократијата е скапа работа. Вложувањето во културата не е фрлање

пари во ветер. Културата, е таа што нè прави посебни, таа ни го дава идентитетот. Таа нè разликува нас луѓето од другите животински видови и нè разликува нас Македонците, Албанците, Србите, Бошњаците и другите наши сограѓани од другите нации и народи во светот.
Со една суштествена забелешка Албанците, Србите, Бошњаците и другите наши сограѓани имаат и други културни центри, а ние Македонците немаме. Ние немаме поддршка однадвор со радио и ТВ емисии, книги, музика. Тука сме препуштени сами на себе. А во овој случај, препуштени сме на милост и немилост на немоќта на Македонската радиотелевизија.
Кој ќе ја негува македонската култура, традиција, музика, јазик, на македонскиот народ и на другите заедници во Македонија и таа да биде достапна 24 часа во денот за секој жител во Македонија, ако не Македонската радиотелевизија? Дали македонската радиотелевизија може да се пофали дека успешно и обмислено го прави тоа.
Мислам дека не.
И тука доаѓаме до горливото прашање.
Дали е ова што се случува со МРТ е едноставно негрижа или некој има план таа да биде безначајна и неважна?
Сеедно, ниту едното ниту другото не нè амнестира од одговорност ниту нас од Програмскиот совет, како претставници на граѓаните, ниту вас, почитувани пратеници на Собранието како основач на МРТ.
Пред триесетина години, со падот на социјалистичките држави, отворено прашање беше кој дел од економските, културните или општествените активности ќе се препуштат на пазарот, а за кои ќе продолжи да се грижи државата.
Некои области беа успешно трансформирани, некои помалку успешно, како МРТ на пример. Не може аудио-визуелната, културната или музичката продукција да се препушти на пазарот во сиромашна земја со 2 милиони жители. Едноставно нема побарувачка и платежна моќ приватни инвеститори и културни дејци да го преземат тоа на себе на пазарна основа. Можеби во соседна Србија со 7 милиони жители и со поразвиена економија може. Таму дури четвртина од буџетот на РТС потекнува од приходи од маркетинг. Во Србија зборуваат не само за заштита од политичко туку и за заштита од економско влијание врз работата на РТС. Во Србија бизнис компаниите се натпреваруваат, се борат за рекламен простор и за присуство преку позитивен ПР на брановите на РТС. Ние се уште го чекаме денот кога ќе зборуваме за заштита од економски влијанија во МРТ. Тогаш ќе може да кажеме дека сме станале релевантни и квалитетни.
Како што вели еден од експертите на ЕБУ, на Балканот сите јавни медиумски сервиси на Балканот, а и пошироко, помалку или повеќе трпат политички влијанија, работата е дали се тие релевантни. А релевантноста произлегува од квалитетот.
До 90-тите години, не постоела дилемата пазар или држава, за сите економски и културни активности во земјата се грижела државата. Таа ја финансирала културата и го правела тоа многу подобро од денес. Најдобрите сликари, музичари, писатели, поети и други културни дејци од Македонија биле вработени во МРТ, имале редовни и солидни приходи и нивна задача била да творат за Македонија. Во минатото шеесетина музичари и автори биле дел од од пет активни оркестри: Биг-бендот, Народниот оркестар, Чалгиите, Оркестарот за народни инструменти и Камерниот оркестар. Денес занемеа и радио-хорот и Детскиот хор, кои беа со светско реноме. Третата програма на радио емитувала научни трудови, преводи, интервјуа од врвни домашни и светски научници. Во минатото речиси 3.000 луѓе работеле во МРТ, денес се околу 700, и секоја година сè помалку. Дали пазарот ги презеде културните активности кои беа отстранети од државната грижа со приватизацијата, маркетизацијата и децентрализацијата на државата?
Не. Тие згаснаа. Тоа е поразително.
Влезени сме во третата деценија на 21 век. Дваесетина години актуелно е прашањето зошто ни е потребна МРТ во новото дигитално време? Швајцарската влада мислеше дека нивниот радиодифузен сервис не е веќе потребен и во 2018 година спроведе референдум. На големо изненадување на сите, над 70% од граѓаните и **над 80% од младите**, ќе кажам уште еднаш,

**над 80% од младите** гласаа да не згасне јавниот медиумски сервис. На анкетите објаснија дека тоа е нивен медиум, кој во денешното време на персонализирани содржини, време кога секој човек е затворен во својата ниша на информации или во нишата со свои истомисленици на интернет пребарувачите и на социјалните мрежи, јавниот медиумски сервис е тој што може да ги поврзува и да ги зближува.
На предизвиците на новото време сервисите од поразвиените земји, како BBC на пример, **одговараат со прилагодување**. Големи количини на детска програма оди на BBC каналот на Јутјуб. Знаејќи дека децата се на Јутјуб, BBC доаѓа кај нив да им понуди квалитетна содржина, на тој начин грижејќи се за иднината на својата нација.
Има уште многу такви убави примери од коишто можеме, и треба, да учиме.
Денес требаше да зборувам што сме оствариле минатата година, што планираме за наредната, колку милиони денари ни следуваат според Законот за АВМУ, а веќе со години добиваме многу помалку, речиси половина од предвидената сума. Со тие средства МРТ одвај опстанува, и не може да стане збор за реализација на Стратегијата.
Одлучив да зборувам не за цифри туку за важни, суштински, стратешки работи.
За да ја исполниме стратегијата, можеби не во 5, туку да речеме во 10 години, **потребни се:**
**-поголем буџет за МРТ,**
**-и нов закон за МРТ.**
Јавен медиумски сервис, за да биде квалитетен не може на пример, да бара согласност за вработување или унапредување на вработените од 3 министерства. Тоа, исто како и намаленото финансирање спротивно на Законот за АВМУ, е директно политичко влијание врз работата на Куќата, и спротивно на препораките на ЕУ и на ЕБУ за независен јавен медиумски сервис.
За да ги оствариме целите предвидени во стратегијата, потребни се најпаметните луѓе и најдобрите креативни луѓе во Македонија, а за тоа е потребен поголем буџет, и поголема самостојност - но се разбира транспарентност, одговорност и отчетност на работата на Македонската Радиотелевизија .
И тоа уште од денес.
Ви благодарам.

Седницата заврши во 14:10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател